РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-687/7
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-687/1 од 10.02.2025 година, оформен по доставена пријава против Агенцијата за --- на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај е постапено од страна на други надлежни органи.

Предметот со бр. 12-687/1 од 10.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 07.02.2025 година, поднесена е пријава против Агенцијата за ---на Република Северна Македонија и оформен е предмет бр. 12-687/1 од 10.02.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на барање за преиспитување на распишани огласи и прекршување на постапка за избор од страна на Агенција за --- во врска со распишан јавен оглас бр. --- за работно место ИНС0101Б02001 Раководител на сектор – Инспекторат на --- --- – Главен инспектор, како и за интерен оглас бр. --- за пополнување на работно место со унапредување за извршител на работно

место Раководител на одделение за инспекциски надзор над животната средина во ---  --- – Виш инспектор, шифра ИНС 0101Б04001, ниво Б4, Одделение за инспекциски надзор над животната средина во --- ---. Се наведува дека, при распишување на огласите не биле наведени потребните услови од член 24 став 2 од Законот за административни службеници, кои биле потребни за назначување на раководно работно место. Дополнително, подносителот на пријавата навел дека кандидатите немале положено и немале потврда за административно управување во моментот на распишување на огласот и траење на постапката, со што не ги исполниле условите за избор на раководно работно место Б4.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК побара од Државниот инспекторат за труд да изврши надзор, односно да утврди дали вработувањето/унапредувањето е извршено противправно или во согласност со позитивно правните прописи од областа на работните односи и да не извести за истото.

Државниот инспекторат за труд со допис – Доставување податоци за извршен инспекциски надзор арх. бр. --- од 28.02.2025 година, достави известување во кое е наведено дека истите не се надлежни за контрола на постапки на вработување на инспектори кои имаат статус на административни службеници, и од горенаведената причина согласно член 72 став 4 од Законот за инспекциски надзор, иницијативата за инспекциски надзор се испраќа до Државниот управен инспекторат на понатамошно постапување.

Во законски утврдениот рок, од страна на Државниот управен инспекторат добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот управен инспекторат со допис – Известување ИП1 бр. --- од 10.03.2025 година, образложи дека со должно внимание ги разгледал наводите во пријавата, при што утврдил дека по анонимен поднесок со истата содржина веќе било постапено и бил извршен вонреден инспекциски надзор во ---  --- во целокупната постапка по распишан јавен оглас бр. --- и за интерен оглас бр. ---, за што бил составен Записник со наод на состојбата ИП1. бр. --- од 04.03.2025 година.

Во Записникот било наведено дека не биле констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор. При вршењето на вондредниот инспекциски надзор и извршен увид во списите од постапка за распишување на јавен оглас бр. ---, се утврди дека од страна на инспектираниот орган е постапено согласно со одредбите од член 2 од Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административните службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 221/2024) и член 40 од Законот за исnпекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019, 272/2024), имајќи предвид дека на денот на инспекцискиот надзор одлуката за избор не е објавена од страна на Агенцијата за --- односно на денот на инспекцискиот надзор сеуште нема вработување по распишаниот јавен оглас, како и фактот дека постапката по распишан јавен се води од страна на Комисија која е формирана со Решение бр. --- од 10.01.2025 година од страна на Директорот на Агенцијата за ---.
Од непосреден увид во списите од распишан интерен оглас бр. ---, било утврдено дека содржината на истиот ги содржела елементите предвидени во член 40 од Законот за инспекциски надзор.

Дополнително, ДКСК побара од Агецијата за --- на РСМ (понатаму: Агенција), да ја извести ДКСК дали вработувањето/унапредувањето е спроведено до крај (со објавена одлука), дали е изјавена жалба и дали постои нивна одлука по истата, односно дали постапките за вработување/унапредување се спроведени противправно или во согласност со позитивно правните прописи од областа на работните односи.

Во законски утврдениот рок, од страна на Агенцијата добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Агенцијата со допис – Одговор на барање за доставување на податоци и информации бр. --- од 15.07.2025 година, образложи дека со цел спроведување на постапката за вработување по Јавен оглас број ---, со Решение број --- од 10.01.2025 година е формирана Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, согласно член 37 од Законот за административни службеници. На ден 17.01.2025 година е спроведена административна селекција, за која од страна на Комисијата за селекција за вработување е изработен Записник од извршената административна селекција за административен службеник број --- од 17.01.2025 година, видно од кој на огласот се пријавиле вкупно 9 (девет) кандидати, од кои 1

(еден) кандидат со идентификациски код „---" е уреден и 8 (осум) кандидати се неуредни. Испитот за административен службеник е спроведен на 06.02.2025 година, за кој е изработен Записник од спроведениот испит за административен службеник број --- од 06.02.2025 година, видно од кој кандидатот со идентификациски код „---" е уредно поканет во втората фаза од постапката за селекција кој освоил 29.25 бодови, односно вкупно освоил 49.92 бодови во првата и втората фаза од постапката и истиот кандидат продолжува во третата фаза на селекција. Проверката на веродостојност на докази и интервју за административен службеник е спроведена на 11.02.2025 година, видно од Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број --- од 11.02.2025 година, од кој може да се утврди дека Комисијата за селекција за вработување ја спровела третата фаза од постапката за вработување, каде како прворангиран кандидат е кандидат со идентификациски код --- кој освоил 18.98 бодови во третата фаза, односно освоил вкупно 68.90 бодови од сите фази на постапката. Агенцијата за --- со Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас ---, број --- од 11.02.2025 година, доставила и Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за работното место, со кој бил предложен прворангираниот кандидат ---, за кој во прилог до ДКСК ја доставуваат хартиената верзија од електронската пријава за вработување на административен службеник. По добивањето на предлогот за вработување на кандидати, --- --- донел Одлука број ---од 13.02.2025 година, која е објавена на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за ---. Во врска со конкретната постапка за вработување на административни службеници по јавен оглас истакнуваат дека согласно член 4 став (2) од Законот за административни службеници, определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во инспекциските служби, во целост или делумно, можат да бидат уредени со закон и со колективен договор, на начин различен од Законот за административни службеници. Имајќи го во предвид наведеното, истакнуваат дека посебните услови за вработување на инспектор од категорија Б, се утврдени во член 40 став (1) од Законот за инспекциски надзор. Со цел потврда на горенаведеното, во прилог ги доставуваат списите од предметот по Јавен оглас број ---.

Во врска со барањето за доставување податоци за Интерен оглас број ---година на --- ---, укажуваат дека во надлежност на Агенцијата е само објавувањето на интерниот оглас, образецот за пријава за унапредување на веб страницата на Агенцијата. Дополнително, во врска со барањето дали се поднесени жалби за

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Јавен оглас број --- и Интерен оглас број --- година на --- ---, ја известуваат ДКСК дека врз основа на извршена проверка е утврдено дека до Агенијата не се поднесени жалби од незадоволни кандидати.

*Според член 2 став 2 од Закон за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/2021, 208/2024 и 272/2024), управната инспекција врши надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, согласно со закон.*

*Според член 4 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) (понатаму: ЗАС), по исклучок од ставот (1) на овој член определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, регулаторните тела и Народната банка на Република Северна Македонија, во целост или делумно, можат да бидат уредени со закон и со колективен договор, на начин различен од овој закон.*

*Според член 14 став 1 алинеи 1 до 6 од ЗАС, агенцијата е надлежна да ги врши следниве работи: објавување на огласи за вработување на административни службеници; организација на постапки за селекција на административни службеници; постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен; спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување; водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и; други работи утврдени со закон.*

*Според член 40 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025), кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*1) стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;*
*2)работно искуство и тоа:*
*- Б1 - најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,*
*- Б2 - најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и*
*- Б3 и Б4 - најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;*
*3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;*
*4) посебни работни компетенции за сите нивоа:*
*- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),*
*- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.*

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на Држаниот управен инспекторат и Агенцијата, произлегува дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи, каде постапката е завршена. Имено, горенаведените државни органи не утврдиле пропусти во спроведувањето на спорните Јавен оглас број --- и Интерен оглас број --- година на --- ---. Дополнително, ДКСК утврди дека не се поднесени жалби од незадоволни кандидати до Агенцијата.

Во однос на наводот во пријавата кој се однесува на наводниот факт дека при распишување на огласите не биле наведни потребните услови од член 24 став 2 од Законот за административни службеници, кои биле потребни за назначување на раководно работно место, како и дека кандидатите немале положено и немале потврда за административно управување во моментот на распишување на огласот и траење на постапката, со што не ги исполниле условите за избор на раководно работно место Б4, ДКСК го констатира следното:
Согласно пропишаното во член 4 став 2 од ЗАС, определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во инспекциските служби, во целост или делумно, можат да бидат уредени со Законот за инспекциски

надзор, на начин различен од ЗАС. Во посебните услови за вработување на инспектор од категорија Б, утврдени во член 40 став (1) од Законот за инспекциски надзор, не се предвидува успешно положен испит за административно управување како посебен услов за вработување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК